МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ЗАПИСНИК**
**од 9. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 февруари 2026 година (вторник)**

Деветатта седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 24 февруари 2026 година (вторник), со почеток во 10.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски,Филип Ивановскии, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Стоименовска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Цирививри.

На 9. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 9. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот посочи дека е доставена иницијатива за додавање точка на дневниот ред од страна на службите и пред почетокот на седницата се поделени материјали за истата исто така укажа дека се повлекува втората точка од првичниот дневен ред бидејќи ги нема добиено соодветните согласности од други институции.

Претседателот ги повика службите да ја образложат точката која се додава.

Збор зема раководителот на сектор за развој Александра Теова посочи дека причината за додавање на оваа точка е тоа што треба да се запази рокот за аплицирање на проектот кој со кофинансирање може да се добие, а неговата намена е

набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи. Општината треба да учествува со минимум 10 проценти од бараната сума и огласот на проектот е прв дојден прв услужен, поради тие причини кои влијаат на времетраењето на огласот за проект се поднесува оваа точка на седницата со цел брза рекација на самиот оглас. Службите посочија дека ваков вид на машина е повеќе од потребна на службите на Општината за вршење на дел од обрските кои во мометот се чека да се завршат од други институциии.

Точката која се додава гласи:
- **Предлог-Одлука за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи**

Претседателот ја стави предложената точка на гласање за ставање на дневниот ред.

По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Предлог-Одлуката за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи како точка три на дневниот ред.

Беше предложено и додавање на точка Советнички прашања како последна точка на дневниот ред од страна на членот на Советот Катетина Илиева.

Претседателот го стави предлогот на гласање.

По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 12 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, не се усвоени Советнички прашања како точка за додавање на дневниот ред.

Претседателот претседателот го стави изменетиот дневен ред на гласање.

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 7. седница**
- **Усвојување записник од 8. Седница**

**1.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

**2.Предлог-Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво**
**3.Предлог-Одлука за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и дневниот ред го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен дневниот ред за 9. седница на Општина Карпош.

Претседателот отвори расправа по записникот од 7, седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и записникот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен записникот од 7. седница на Општина Карпош.

Претседателот отвори расправа по записникот од 8. седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и записникот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен записникот од 8. седница на Општина Карпош.

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

Претседателот го повика членот на советот Вера Бужаровска како претседател на комисија прописи да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Членот на советот Вера Бужаровска извести дека комисијата била одржана на ден 23 февруари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот го повика членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисија за верификација и мандатни прашања, избори и именувања да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Членот на советот Адријана Јакимовска Панчевска извести дека комисијата била одржана на ден 23 февруари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот го повика членот на советот Елена Домика како претседател на комисија за јавни дејности да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Претседателот на комисијата Елена Домика извести дека комисијата била одржана на 23 февруари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

**1. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави членот на советот Горан Михајлов и побара да се прочитаат биографиите на потенцијалните апликанти кои се предложени за членови со цел дали се работи за соодветни личности.

Од службите се прочитаа биографиите на потенцијалните членови во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје.**

**2. Предлог-Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво**

Претседателот го повика членот на советот Благица Цветановска како претседател на комисија еднакви можности меѓу жените и мажите да даде извештај по точките кои се разгледувале.

Претседателот на комисијата Благица Цветановска извести дека комисијата била одржана на 23 февруари 2026 година и интегрално извести за точките кои биле разгледани.

Претседателот отвори расправа по точката и ги повика службите да дадат појаснување за точката

Од службите детално одговорија во однос на целта и потребата од формирање на ваков вид на Совет кој и како ќе придонесе за самата институција така и за интересот на граѓаните.
За збор се јави членот на Советот Добрила Андоновска со предлог да се контактираат, а воедно и повторно да се повикаат членовите кои биле во предходниот Совет со цел да дадат свој придонес со искуството кое го стекнале.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво.**

**3. Предлог-Одлука за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи**

Претседателот отвори расправа по точката.

Се разви дискусија помеѓу членовите на Советот Татјана Стојановска, Добрила Андоновска, Горан Михајлов и градоначалникот Сотир Лукровски околу користење на вакво возило и дејствување во даден момент согласно ингеренциите на општината во однос на ингеренциите на други институции.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Од службите беше детално образложено околу самите ингеренции односно во даден момент и ситуација како е пропишана постапката во однос на известување и реагирање по редослед од сите засегнати институции.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и Одлуката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи.**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 9. седница на Советот на Општина Карпош.

Изработил: Томче Панчевски

**Број: 09-2150/3**
**Датум: 10.03.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Христо Саракинов**